## КЛАБИНГ ИНФО

Настан кој ќе го обележи претстојниов викенд во Скопје е вечерашната премиерна концертна промоција на новиот албум на "Беи д´ диш" - "На крајот на песокот" (At The End Of The Sand). Настанот ќе се одржи во денсинг-салата на **МКЦ**, а покрај претставувањето на новиот албум, на репертоарот ќе се најдат и најдобрите песни од претходните изданија на составот. Концертот ќе започне во 22 ч., а влезниците се по 200 денари.



*"Беи д´ фиш"*

●●●●●

Вечерва, во клубот **"Хавана"** во Скопје, ќе се одржи зимското издание на фестивалот "Дајхард хардкор". Настанот ќе го отвори младиот металкор-бенд од Скопје "Гирс" за промоција на својот претстоен деби-албум. Домаќини ќе бидат легендите на македонскиот хардкор, "Смат", а ќе гостуваат "Редаунд" од Софија и "Д´ бриџ" од Белград за промоција на својот неодамна издаден прв албум. Настанот ќе започне во 20 ч., а цената на влезниците е 200 денари.

●●●●●

Новата епизода од радиосеријалот **"Ако никој не свири... во живо на Стотројка"** е за настапот на хип-хоп групата "Грин аут" (Ел ди Пистолеро, Тоњо Сан и Брус), засилени со диџеј Чваре. Составот е дел од хип-хоп колективот "Легијата", има еден албум зад себе - "Некои скопски бандити" од 2009, а годинава се очекува неговото второ студиско издание. Настапот е в недела. Најавено е да започне во 22 ч., а може да се следи во живо на www.kanal103.com.mk.

●●●●●

Од другите клупски настани за викендов се издвојува утрешното премиерно гостување во **Капан ан** на претставникот на мрачниот цврст и енергичен драменбејс - бугарскиот диџеј и продуцент Огонек. Домашна поддршка ќе му бидат Оги и Хајпертек. Вечерва таму, во новата епизода од серијалот "Дроп", гостува српскиот техно-пионер Дејан Миличевиќ за промоција на новиот албум издаден за "Пластик сити". Покрај него, настап во живо ќе има Керкез, а ќе настапи и Алекс Асид со диџеј-сет. Во клубот **"Папај"** вечерва - шестмина диџеи и забава на два подиума. Диџеј-сетови ќе имаат Мирко Попов, Андреас Херц (настап во живо и диџеј-сет), Нино Наумов, Илина Ангел, Ана Мало и Иван Драгшиќ. Утре таму - хип-хоп забава и диџеј-сетови на Ангелина, Фреш и Ти-Гоуст од "Подземен ефект" на главниот подиум и диџеј-сет на Бојан Чакра во белата соба. Во клубот **"Сектор 909"** вечерва се Песинџер и Танчевски, а утре таму - Игор Иокс и Александар Мискоски. Во кафе-барот **"Излет"** вечерва е диџеј Чваре, а утре таму музика ќе пушта Феки Фарис. Во **"Менада"** вечерва диџеј-сет ќе има Зоки Бејбе, а утре - "Чиста шминка манифест" со Мирко Попов и Виолета Качакова. Во **"Камарите" (Дебар маало)** вечерва е Соња Исмаил, а утре таму ќе биде Шарк. Балтроник вечерва е во **"Ла Кања"**, "Летечки пекинезери" вечерва ќе настапат во кабаре-клубот **"Ем-Це-Ем"**. Во кафе-книжарницата **"Магор"** вечерва музика пушта Флоријан, а утре Теа Шалдева. Вишко вечерва има диџеј-сет во **"Змија"**, а Виксабликса утре ќе пушта музика во **"Лајка"**.

**i.iliev@vest.com.mk**

НА НОВИОТ ПОСТЕР НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Сашко Коцев на карикатура



Карикатура со актерот Сашко Коцев, кој стои до Порта Македонија, е новиот постер на "Златна бубамара на популарноста".

Вака ја видоа манифестацијата од маркетинг-агенцијата "Идеја плус", која го осмисли постерот и ѝ го подари на "Златна бубамара", во пресрет на 16. издание. Дел од постерите ќе бидат подарени на публиката, која на 21 февруари ќе дојде на шоуто во Универзална сала.

Од штабот на "Златна бубамара" велат дека сите билети за шоуто се распродадени. Снимката ќе се емитува на 23 февруари, на телевизија "Канал 5", од 20 часот. Наградата за животно дело ќе ја добие Виолета Томовска. Годинешното мото е "Мевлем за душа".

***(М.Ц.)***

# Почина Миќа Орловиќ, легендарниот водител

**БЕЛГРАД-** По долго и тешко боледување, во Белград почина легендарниот водител и новинар Миќа Орловиќ (79). Орловиќ е роден 1934 година, во Валево, Србија. Беше прв водител на ТВ Дневникот. Два пати се женеше и има една ќерка.



По повод смртта на Орловиќ, поранешните спикерки, водителки и уреднички на ТВ Белград, Дуња Фигенвалд-Пулетиќ и Данка Нововиќ, изјавија дека бил добар човек, одличен водител и дека со неговото заминување ТВ-јавноста загубила голем професионалец.

"Имаше сé. И појава, и глас и култура на говорот, сé што е потребно и јавноста го обожаваше, рече Ланг за "Танјуг".

"Беше многу добар човек, фантастичен водител и најпопуларен меѓу сите водители. Жал ми е што до денес не се роди нов Мича Орловиќ", изјави Нововиќ.